Б – интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата: **ДГ „ ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, локација Ранковце**

Адреса: **Бетонска база, КО Ранковце, м.в. Иванѣица – Општина Ранковце**

Поштенски број и град: **1316 Ранковце**

Број на дозволата

Бр. **22-75/3**

Од 17.01.2024 година

Содржина

Б – интегрирана еколошка дозвола 1

Содржина.....2

Вовед.....4

Дозвола.....10

1. Инсталација за која се издава дозволата.....11

2. Работа на инсталацијата 12

2.1. Техники на управување и контрола.....12

2.2. Суровини (вклучувајќи и вода) 14

2.3. Ракување и складирање на отпадот 15

2.4. Преработка и одлагање на отпад 17

2.5. Спречување и контрола на хаварии.....17

2.6.Мониторинг.....18

2.7. Престанок со работа 18

2.8. Инсталации со повеќе оператори.....18

3. Документација.....19

4. Редовни извештаи.....20

5.Известувања.....21

6.Емисии 22

6.1. Емисии во воздух..... 22

6.2. Емисии во почва....24

6.3.Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 24

6.4. Емисии во канализација....24

6.5. Емисии на топлина....25

6.6. Емисии на бучава и вибраци....25

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води....26

8. Програма за подобрување....26

9. Договор за промени во пишана форма....27

Додаток 1....28

Додаток 2....29

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Прилог 2 - Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3 доколку не се опфатени со Прилог 1 од Уредбата) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за

“Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план“, до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Опис на локацијата на инсталацијата

Дејноста на инсталацијата ДГ„ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, локација КО Ранковце – општина Ранковце, е производство и вградување на готов бетон за потребите на експресниот пат Ранковце - Крива Паланка. Во претпријатието во процесот на производството ќе се вработат 3 лица, а дејноста ќе се одвива 18 месеци, колку што се очекува да трае изградбата на патот.

Мобилна бетонска база тип Promax M 100, со капацитет напроизводство од 80 m^3/h.

Локацијата на Инсталацијата „ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, локација КО Ранковце – општина Ранковце која е предвидено производството се наоѓа во близина на с. Ранковце, општина Ранковце, поточно на КП 3822, м.в. Иванѣица, КО Ранковце.

Парцелата е позиционирана помеѓу постојниот пат Е871 Ранковце – Страцин.

Локацијата на инсталацијата од сите страни граничи со земјоделско обработливо земјиште.

Производството планирано е да се одвива на вкупна површина од околу 500 m^2. Затаа цел ќе се користи мобилна бетонска база тип Promax M 100, со капацитет на производство од 80 m^3/h.

Инсталацијата се наоѓа надвор од населеното место и во опкружувањето има слични индустриски капацитети. Локацијата се граничи со земјоделски обработливи површини и е на околу 900 m оддалеченост од населено место Ранковце.

Монтажната Бетонска база е со капацитет на производство од 80 m^3/час и е со автоматско дозирање на гранулати. Гранулатите преку приемните бункери се прифаќаат и преку автоматски систем на дозирање се внесуваат во мешалката каде се мешаат со цемент и вода.

Набавка на минерална суровина

Набавката и испорачувањето на составните компоненти на бетонот ќе се врши преку локални добавувачи. Преку друмски транспорт од страна на добавувачи се довезуваат суровините на самата локација (фракции на гранулати кои се складираат на склад за фракции, додека цементот во силоси за цемент).

Опис на инсталацијата и опремата

Мобилна бетонска база тип Promax M 100, со капацитет напроизводство од 80 m^3/h.

Во инсталацијата “ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, локација м.в. Ивањица, КО Ранковце, работата ќе се одвива во една смена со вкупно 3 вработени лица поделени во сгручните служби и производниот процес.

Складирањето на одделните фракции од агрегатот предвидено е да се изврши во непосредна близина на постројката. За нивно складирање не е планирана изградба на никакви времени објекти, потпорни ѕидови, сепаратори и слично. Одлагањето на материјалот ќе се врши директно на теренот. Превземањето на агрегатот од местотона складирање и негово дозирање во постројката ќе се врши со помош на градежна машина - утоварувач.

Складирањето на цементот ќе биде во два силоса со капацитет од едниот од 100 t и другиот од 65 t, кои се составен дел на самата постројка. Обезбедување на потребната стабилност на силосите ќе се обезбеди со поставување на префабрикувани армиранобетонски постаменти, кои што ќе бидат изработени во работилница и транспортирани на градилиштето.

Дозирањето на водата ќе се врши со постојан бунар на локацијата.

Испораката на подготвениот бетон ќе се врши со авто-миксери, а вградувањето, во зависност од методологијата на производството, ќе се врши со автопумпи и статични пумпи.

На локацијата е предвидено поставување и на две мобилни канцеларии/простории, кои ќе се користат за складирање на калапите за контролни примероци за контрола на квалитет, контролните примероци и документацијата којаќе произлезе од работењето на постројката.

За испитување на квалитетот на производството, согласно програма која ќе произлезе од Правилникот за бетон и армиран бетон од 1987 година, како и другите пратечки стандарди од оваа објласт, нарачателот ќе склучи договор со сертифицирана лабораторија во која што ќе се врши контролата на квалитет.

Објектот ќе се состои од бетонска база со два силоса со вкупен капацитет од 165 тони, што инсталацијата ја класифицира во инсталација за која е потребно добивање на Б - интегрирана еколошка дозвола исто така на локацијата ќе се инсталира и плац за складирање на суровини, плато за гранулати, времени објекти за складирање на помошни материјали, мини лабораторија за контрола на квалитет и складирање на пробни тела. Електрична енергија ќе се добива со два агрегати, а во иднина можен е приклучок од електродистрибутивниот систем од EVN за што ќе се побара согласност за приклучок. Во дворното место има паркинг за механизација и возниот парк и помошни простории.

Во состав на инсталацијата ќе се инсталира и времен магацински простор за резервни делови за одржување на опремата и канцеларија за вработените од тврсето тоа од времен карактер.

Во согласност со документацијата што ни беше доставена на располагање од инсталацијата “ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, локација м.в. Иванѣица, КО Ранковце и според пуредвидените активности на лице место, во состав на производниот комплексќе влегуваат следните објекти:

1. Канцелариски простории за технички персонал со гардероби;
2. Паркинг за миксери-товарни возила;
3. Бетономешалка со систем на дозирање;
4. Плато за гранулати;
5. Силоси за цемент;
6. Компресорска станица
8. Дворно место;
9. Таложници – јама за таложење остаток од свеж бетон;

- Енергетски потреби

Електрична енергија ќе се добива со два агрегати, а во иднина можен е приклучок од електродистрибутивниот систем од EVN за што ќе се побара согласност за приклучок.

- Водоснабдување

Заради потребите за технолошка вода во бетонската база, снабдување со вода ќе биде од еден бунар кои се наоѓа на самата локација.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање
Б –дозвола за усогласување со оперативен план или Б – Интегрирана Еколошка Дозвола	/	/

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
	/	/

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса

с. Ранковце бб , 1316 Ранковце, Република Северна Македонија

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Предмет Преглед на барани и доставени документи	Датум (доставено и издадено од О.Ранковце)	Коментар
Барање за издавање и доставување на Б-интегрирана еколошка дозвола. Бр. 22-1198/1	*01.12.2023*	Барање со прилози
Образец за барање на Б – интегрирана еколошка дозвола: Интегрирано спречување и контрола на загадување, Достава на документи	*01.12.2023*	Прилози. Доставени се документи од страна на операторот во 3(три) папки и 1(едно) ЦД
Достава на барање за Б – ИСКЗ дозвола од Бетонска база “Енерго Максистем” Доо Скопје од 01.12.2023	*01.12.2023*	Доставено е потполнето барање од страна на операторот
Договор за собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад помеѓу ЈКП Чист Ден - Ранковце Бр. 0302-230/1 од 27.11.2023 г. и ДГ Енерго Максистем бр. 010/23 од 27.11.2023 г.	*01.12.2023*	Достава на копија од страна на операторот
Договор за соработка – превземање на отпад помеѓу Ацо Механичар Бр. 0307-1/1 од 10.02.2022 г. и ДГ Енерго Максистем бр. 873 од 11.02.2022 г.	*01.12.2023*	Достава на копија од страна на операторот
Договор за превземање на отпадни масла и друг отпад помеѓу ФПМ Минол Дооел, Бр. 0302-32/22 од 09.02.2022 г. и ДГ Енерго Максистем Доо, Бр. 868 од 09.02.2022 г.	*01.12.2023*	Достава на копија од страна на операторот
Извештај за здравствена безбедност на вода – од ЈЗУ Центар за јавно здравје Лаб. Број 2820/2023г.	*01.12.2023*	Достава на копија од страна на операторот
Нацрт Објава бр. 22-1198/2	*06.12.2023*	Јавна објава во весник и web портал
Нацрт Дозвола бр. 22-1198/3	*06.12.2023*	Достава од Општина Ранковце до барателот
Записник од увид во инсталација заради констатирање на фактичка состојба во однос на утврдување на состојбата на локацијата и инсталацијата и проверка на податоците содржани во барањето. Бр. 22-75/1	*16.01.2024*	Извршен е увид во инсталацијата од страна на Надлежниот орган и составен е записник
Решение за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-75/2	*17.01.2024*	Изготвено е решение
Б-интегрирана еколошка дозвола. бр. 22-75/3	*17.01.2024*	Одлучено позитивно
Објава на Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-75/4	*17.01.2024*	Јавна објава во весник и web портал

Дозвола

Закон за животна средина

Б – интегрирана еколошка дозвола

Бр. 22-75/3

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Прилог 2 - Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3, го овластува:

Дрштво за градежништво „ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ “ ДОО, Скопје

со регистрирано седиште на
Адреса **:** **Булевар Илинден бр. 43/1 Скопје - Центар**
Поштенски број Град : **1000 Скопје**
Држава : **Република Северна Македонија**

Број на регистрација на компанијата : **ЕМБС 6948014**
ЕДБ 4080014543870

да раководи со Инсталацијата:
Дрштво за градежништво „ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ “ ДОО, Скопје
Бетонска база- населено место без уличен систем с.Ранковце м.в. Иванѣица

Општина Ранковце
1316 Ранковце
Држава : Република Северна Македонија

во рамките на Дозволата и условите во неа.

Изготвил: Александар Стојановски, дги.

Одобрил: Моме Крстевски, дги.

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник,
Борче Спасовски

Датум: 17.01.2024 година

Општина Ранковце

Услови


1.Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

Табела 1.1.1		
Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план	**Опис на наведената активност**	**Граници на наведената активност**
Прилог 2, **Точка 3. Индустрија на минерали** 3.3. Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50м^3; доколку не се опфатени со Прилог 1 од Уредбата	Производство на бетон	Површина за планирано производство од 500 m^2 КП 3822,КО Ранковце, м.в. Ивањица Капацитет-80м^3/на час

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2).

Табела 1.1.2	
Документ	Координати на локацијата
Мапа на простор на „ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ“ ДОО Скопје, Бетонска база со локација во Ранковце	КП 3822, КО Ранковце, м.в. Ивањица



1.1.3 Инсталацијата ќе работи ќе се контролира, ќе одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во Дозволата.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Прилог 2 - Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3 доколку не се опфатени со Прилог 1 од Уредбата) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.5 Во рок од 15 дена од добивањето на Б-интегрирана еколошка дозволата, Операторот е должен да го плати Годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозволата како и 10% од од годишниот надоместок за инспекциски надзор, согласно Уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл. Весник на РМ бр. 117/07 и 64/10).

2 . Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.1.1 Управување и контрола

Опис	Документ	Дата кога е примен
Општи информации со организациона шема	Прилог I	*01.12.2023*
Опис на технолошките активности	Прилог II	*01.12.2023*
Управување и контрола	Прилог III	*01.12.2023*
Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата	Прилог IV	*01.12.2023*
Цврст и течен отпад	Прилог V	*01.12.2023*
Емисии во атмосферата	Прилог VI	*01.12.2023*
Емисии во површински води и канализација	Прилог VII	*01.12.2023*
Емисии во почва	Прилог VIII	*01.12.2023*
Земјоделски и фармерски активност	Прилог IX	*01.12.2023*
Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење	Прилог X	*01.12.2023*
Точки од мониторинг на емисии и земање примероци	Прилог XI	*01.12.2023*
Програма за подобрување	Прилог XII	*01.12.2023*
Спречување хаварии и реагирање во итни случаи	Прилог XIII	*01.12.2023*
Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите	Прилог XIV	*01.12.2023*
Резиме без технички детали	Прилог XV	*01.12.2023*

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе бидат одржувани во добра состојба.

2.1.3 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние услови од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел подобрување на извршувањето на нивните обврски.

2.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се оддржува и емисиите ќе бидат во границите наведени во Дозволата.

2.1.5 Операторот, 12 (дванаесет) месеци по добивањето на дозволата е должен да воведе систем за Управување со Животната Средина каде ќе бидат опфатени сите активности и ќе бидат разгледани сите решенија за употреба на почисти технологии, почисто производство и намалување на создавањето на отпад.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)

Опис	Документ	Дата кога е примено
Гранулат	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Цемент	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Вода	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Масло за подмачкување	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Моторно масло	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Хидраулично масло	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Филтри за масло	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Каиши, црева за худраулика Метални резервни делови Гуми	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Дизел гориво	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*
Струја	22-1198/1, Прилог IV	*01.12.2023*

Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.2 Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат

2.2.3 Ракувањето со суровините, посебно со хемикалиите ќе се извршува според упатствата и препораките од производителите и упатствата за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet)

2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Прилог V	22-1198/1	*01.12.2023*
Договори за превземање на отпад		
Договор за собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад	ЈКП Чист Ден - Ранковце Бр. 0302-230/1 од 27.11.2023 г. и ДГ Енерго Максистем бр. 010/23 од 27.11.2023 г.	*01.12.2023*
Договор за соработка – превземање на отпад	ДИТУ Ацо Механичар Бр. 0307-1/1 од 10.02.2022 г. и ДГ Енерго Максистем бр. 873 од 11.02.2022 г.	*01.12.2023*
Договор за превземање на отпадни масла и друг отпад	Бр. 0302-32/22 од 09.02.2022 г. и ДГ Енерго Максистем Доо, Бр. 868 од 09.02.2022 г.	*01.12.2023*

2.3.2 Отпадот ќе се складира на местата посебно определени за тоа и ќе биде соодветно заштитен од прелевање и истекување на течности. Садовите и просториите ќе бидат јасно означени.

2.3.3 Операторот секој вид на отпад соодветно ќе го оделува и нема да го меша при складирањето.

2.3.4 Операторот пред да го пренесе отпадот на друго лице со кое што има склучено Договор за превземање на отпадот, ќе го спакува и означи истиот според Националните, Европските и други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација

Опис на отпадот	Место на складирање на самата локација	Начин на складирање	Услови на складирање
Моторно трансмиционони хидраулично масло	Во круг на базата	Место определено за оваа намена	Превземач- договор за превземање- ФПМ Минол Штип
Комунален одпад	Во круг на базата	Контејнери за комунален отпад	Комунална депонија ЈКП Чист ден, Ранковце
Филтри за масло	До паркинг за механизација	Место определено за оваа намена	Превземач- договор за превземање- ФПМ Минол Штип
Талог од бетон од перење на опрема	Таложна јама	Таложна јама	Пренос до сепарација
Отпадна вода од теложење	Таложна јама	Се реупттребува во процесот на произвотвто	Повторна употреба во тех. процес
Моторно трансмиционони хидраулично масло	Во кругот на инсталацијата	Контејнер или друга орема	Превземач- договор за превземање- ФПМ Минол Штип
Мил од септички јами	Во кругот на инсталацијата	Водонепропусна јама	Исцрпување од ЈКП Чист ден
Необоени метали	Во круг на базата	Место определено за оваа намена	ДПТУ АЦО МЕХАНИЧАР ДООЕЛ Кратово

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Прилог V	22-1198/1	*01.12.2023*

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 За активности поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспекциски надзор од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време.

2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Прилог XIII	22-1198/1	*01.12.2023*

2.5.2 Во случај на несреќа Операторот

- Го изолира изворот на било каква емисија;
- Да спроведе истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;
- Да ги спроведе мерките предвидени со Планот за итни интервенции во случај на хаварија.
- Да забележи датум и место на несреќа;
- Да го извести Надлежниот орган и другите заинтересирани страни.

2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.6.1 : Мониторинг		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Прилог XI	22-1198/1	*01.12.2023*

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

- безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

- безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите.

2.6.4 Секој извршен мониторинг Операторот ќе го достави до Надлежниот орган во Општина Ранковце најкасно 14 (четиринаесет) дена од денот на спроведување на мониторингот (во оригинална форма).

2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.7.1 : Престанок на работа		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Прилог XIV	22-1198/1	*01.12.2023*

2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор, или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;
- најдобра проценка на количината создаден отпад;
- трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
- најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

- во однос на наведени емисиони точки;

- за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

- давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

- испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од (после секое мерење предвидено со Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот).

5 Известувања

5.1.1 **Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:**

- кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

- кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

- кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

- било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 **Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:**

- перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

- престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

- повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.3 **Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:**

- било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

- промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

- за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

6 Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Според мапата број)

Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот		
Ознака на точка на емисија/опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
Точкасти извори на емисија во атмосферата од фугитивна прашина		
Извор	Вкупна прашина	Прашина под 10μm
Истовар на камион	/	$8.0*10^{-6}$
Утовар на гранулати во камион	/	$5.0*10^{-5}$
Точкасти извори на емисија во атмосферата од гранулати и цемент на потрошувачка од 10.000 тони годишно		
Истовар на камион	/	0.0001
Утовар на гранулати во камион	/	0.0005

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот (рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената Програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела и истите мерења ќе ги достави до Надлежниот орган веднаш по извршеното мерење.

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот			
Параметри	**Ознака на точка на емисија**		Фреквенција на мониторинг
	Мерно место	Гранична вредност	
Фугитивна прашина	Катастраски граници на парцела	PM 10 μм	Тони / Годишно
		50 μg/m²	

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.6 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.7 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да минимизира емисијата.

6.1.8 Мерења на концентрацијата на прашината (суспендирани честички до 10 микрометри) во амбиентниот воздух се врши врз основа на член 10 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/04) и член 1,2 и 8 Прилог 1 ПоглавјеА точка 3 од Уредбата за гранични врености за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на гранични вредности, маргини на толеранција за гранични вредности, целни врености и долгорочни цели (Сл. Весник на РМ бр. 59/00, 12/03)

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва. Поради тоа што Операторот како суровина во производствениот процес користи природен материјал, нема штетни емисии во почва.

6.3 Емисии во вода (површинска)

6.3.1 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на отпадна вода од процесот во вода и не е предвидено испуштање на отпадни води во површински води

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализацијата (атмосферска и отпадна вода) од точката(ите) наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.4.1 : Емисиони точки во канализација

Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Канализација
Комунални отпадни води	Создадена од подготовка на свбетон и перење возила ке се одводнува во Таложна јама на самата локација	Таложна јама која на 2 месеци ке се празни

6.4.2 Границите на емисиите за параметарот(ите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветен временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат со оние од прифатената програма за подобрување на поглавје 8 од оваа дозвола.

6.4.4 Операторот не дава информација за параметри за кои ќе врши мониторинг на параметрите и на точките на емисија.

6.4.5 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.6 Не смее да има емисии во канализацијата од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода во која нема дадено граници, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата .

6.5 Емисии на топлина

Со оглед на активностите кои што ги врши Инсталацијата, при спроведување на истите не доаѓа до емисии на топлина, дури и кога се јавуваат емисии на топлина истите се незначителни и немаат негативно влијание по животната средина.

6.6 Емисии на бучава, вибраци и јонизирачки зрачења

6.6.1 На локацијата, нема вибрации и јонизирачки зрачења кои би влијаеле на животната средина.
Одбрани се 4 мерни места за мерење на бучава и едно мерно место за мерење на прашина на границите на локацијата:

- Н-1 мерно место влез на локацијата
- Н-2 мерно место северно од локацијата
- Н-3 мерно место западно од локацијата
- Н 4 мерно место источно од локацијата
- Н-5 мерно место влез на локација.

6.6.2 Операторот е должен да врши мерење на бучавата на секои 12 месеци од добивањето на дозволата. Добиентите резултати е должен да ги доставува до Надлежниот орган. Резултатите треба да бидат мерени од страна на правни лица кои имаат дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање за вршење на таа дејност. Доставениот документ со измерените вредности треба да биде во оригинална форма.

6.6.3 Резултатите од мерењата за бучава треба да соодветсвуваат согласно член 1,2 и 3, како и член 5 за граничните вредности за дополнителни индикатори **LA max** од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08) и согласно Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава.

6.6.4 Операторот е должен да се придржува на работното време кое е приложено со поднесеното Барање за Б – интегрирана еколошка дозвола и не треба да има никакви активности со кои би се емитирала дополнителна бучава надвор од рамките на предвиденото работно време.

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1.1 Во инсталацијата за која се издава Дозволата нема да има трансфер на отпадната вода во пречистителна станица само има одводен канал до таложна јама.

8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Прилог XII и предвидениот рок за извршување на мерките и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

За посебна заштита на животната средина со самата изградба на објектот превземени се следните мерки:

- Бетонирање на дел од локацијата на инсталацијата, каде е постава на Бетонската База
- Ќе се изградат таложни јами
- Се предвидува да се засадат дрвја околу објектот
- Обезбедување на договори со овластени фирми за сервисирање на возилата икомуналниот отпад
- Бетонирање на платото каде се полнат машините со Бетон
- Инсталирање на распрскувачи за вода на критичните точки заради превенцијаод прашина од отворен простор.
- Во текот на работата како посебни мерки за подобрување на работата изаштитата на животната средина ќе се преземаат и следните активности:
- Бетонирање на патеки за манипулација на тешките возила, за да не се создава прашина и за да може почесто да се врши миење и чистење на бетонското плато – рок на извршување: 2 месеци
- Користење на еколошки нафтени деривати за возилата

- Сервисирање на возилата надвор од кругот на Инсталацијата во фирма специјализирана за таа дејност: возилата кои ќе маневрираат не се во сопственост на Инсталацијата и нема да се врши сервис во рамките на локацијата
- Во иднина при работа на Инсталацијата, посебно внимание ќе се обрне на придржување на пропишаните мерки за заштита од пожар и заштита на животната средина. Со сите тие мерки ќе биде запознаен и обучен раководителот на базата, кој ќе биде и задолжен за спроведување на истите.

Посебно внимание ќе има зачувувањето на чистотата и хигиената во кругот на базата. Навремено чистење на патеките, собирање на отпадоците во посебен контејнер и негово навремено празнење на депонија.

9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од Дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

- Операторот ќе и даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

- Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

Додаток 1

Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.

☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.

☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.....

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, за оваа Дозвола, се наведени во Табелата подолу.

Табела Д2

Извештај	**Фреквенција на извештајот**	**Датум на поднесување на извештајот**
Мониторинг на воздух	Годишно во сезона со максимален обем на работа	Од добивањето на Б –интегрирана еколошка дозволата, 14 дена од истекот на годината за која се поднесува извештај
Мониторинг на вода	Годишно во сезона со максимален обем на работа	Од добивањето на Б –интегрирана еколошка дозволата, 14 дена од истекот на годината за која се поднесува извештај
Мониторинг на бучава	Годишно во сезона со максимален обем на работа	Од добивањето на Б –интегрирана еколошка дозволата, 14 дена од истекот на годината за која се поднесува извештај